**Резултати од спроведена анкета**

**во основните училишта и средното училиште**

Во текот на месец март беше спроведена анкета меѓу учениците од двете општински основни училишта и средното училиште, на репрезентативен примерок од вкупно 150 ученици избрани по случаен избор.

Анкетата претставува дел од активностите предвидени во Програмата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво.

**Резултати од ООУ „Браќа Миладиновци„ од анкета спроведена на 50 ученици.**

**Процентуална опфатеност на учениците во анкета по пол:**




**Број на опфатени на учениците по возраст**



- Добиени одговори на прашањето: Што е детско престапништво?




- Добиени одговори на прашањето: Дали децата кои прават престапи се добри во успехот?




- Добиени одговори на прашањето: Дали во вашето училиште има деца кои вршат деликвенција?




- Добиени одговори на прашањето: Кои девијантни појави се присутни во вашето училиште?




- Добиени одговори на прашањето: Колку години имаат децата кои учествуваат во тепачки и уништување на училишен инвентар?




- Добиени одговори на прашањето: Кои се причините за девијантно однесување?




- Добиени одговори на прашањето: Каде се случува физичкото насилство (тепачките)?




➢ Добиени одговори на прашањето: Кој најмногу може да им помогне на децата кои вршат престапи?




➢ Добиени одговори на прашањето: Колку твои врсници познаваш што пушат цигари?









- Добиени одговори на прашањето: Дали познаваш твои врсници кои користат дрога?




- Добиени одговори на прашањето: Дали постои употреба на алкохол кај твои врсници?




- Добиени одговори на прашањето: На колку години според тебе малолетниците прв пат пробуваат алкохол?




- Добиени одговори на прашањето: На кои места твои врсници употребуваат алкохол?




- Добиени одговори на прашањето: Дали алкохолот влијае лошо на успехот во училиште?




- Добиени одговори на прашањето: Каде младите најчесто доаѓаат во контакт со дрога?




Заклучоци:

Во анкетата беа опфатени подеднакво ученици од двата пола, на возраст од 13 до 15 години, од основното образование ООУ „Браќа Миладиновци„ Пробиштип. Учениците генерално имаат познавања за тоа **што претставува детското престапништво**, но нивните знаења треба дополнително да се унапредат преку едукативни предавања и работилници.

Според перцепциите на учениците, децата кои вршат престапи **не се успешни** во училиштето. Поголемиот дел од учениците сметаат дека во нивното училиште **нема** малолетни деликвенти, а значителен процент изјавуваат дека **не знаат дали** има врсници со девијантно однесување, што укажува и на можна недоволна информираност за овие појави или криење.

Како најзастапени девијантни појави во училиштето учениците ги издвојуваат **физичкото насилство** и **уништувањето** на **училишен инвентар** (клупи, столчиња и сл.), потоа пушењето **цигари**, додека употребата на **алкохол** и **вербалното насилство** се исто присутни, но помалку. Физичкото насилство според учениците се случува најчесто на **улица**.

Учениците сметаат дека децата најчесто се впуштаат во девијантно однесување на возраст од **13 и 14 години**. За главни причини за таквото однесување тие ги издвојуваат **лошо друштво**, **воспитувањето** во **семејството**, а потоа **влијанието на интернетот и социјалните мрежи.**

Учениците сметаат дека најголема помош и поддршка за децата со девијантно и проблематично однесување може да обезбедат **семејството** и **центрите** за **социјална работа**.

Во однос на **пушењето цигари**, може да се заклучи дека најголем е бројот на ученици кои пушат **обични цигари**, при што има најмалку 3, а голем број на ученици навеле дека познаваат повеќе од 5 нивни врсници кои пушат обични цигари. Истовремено, според добиените резултати висок е и процентот на ученици кои користат **електронски цигари и снус**.

Според нивните одговори ученици од основно образоваие прв пат пробуваат алкохол на **14 и 15 години** и најмногу алкохол се консумира на разни **забави**, на темни и скриени места, паркови, игралишта и други јавни површини.

Поголем број од учениците сметаат дека алкохолот **малку** влијае на **успехот** на училиште кај оние кои го консумираат. Во однос на прашањето каде можат ученици да дојдат во контакт со **дрога**, најголем број ги посочиле организирањето на разни **забави**, лошо друштво, како и понуда на **интернет** од лица.